Јавно претпријатие за заловување и третман
на бездомни кучиња СТАЦИОНАР-ЛАНА
Бр. 03-803/1
29.12.20 24 год.
Струмица

Врз основа на член 6 став 4 од Правилник за безбедност на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/20), Јавно претрпијатие за заловување и третман на бездомни кучиња СТАЦИОНАР-ЛАНА Струмицана ден 29. 12. 2023 година донесе

# ПОЛИТИКА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СИСТЕМ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

## 1. Цел и опсег на Политиката

Придобивка на секое демократско општество е почитување на приватноста и заштитата на личните податоци. Во нашиот правен систем правото на заштита на личните податоци е имплементирано со Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20), со што воспоставен е концепт преку кој е нагласена важноста на ова право како едно од основните човекови слободи и права и како основна вредност на современото развиено општество. Овој концепт во суштина ја подразбира заштитата на приватноста и личниот интегритет на секој поединец, секаде каде се врши обработка на лични податоци.

Јавното претрпијатие за заловување на бездомни кучиња СТАЦИОНАР-ЛАНА Струмица (во понатамошниот текст: СТАЦИОНАР ЛАНА Струмица) во рамки на вршењето на својата дејност, покрај другото врши обработка на лични податоци. Согласно Законот за заштита на личните податоци СТАЦИОНАР ЛАНА Струмицасе јавува како контролор. Од таа причина СТАЦИОНАР ЛАНА Струмица пристапи кон донесување на оваа Политика.

Цел на оваа Политика е создавање на соодветен систем за заштита на личните податоци кои СТАЦИОНАР ЛАНА Струмица во својство на контролор во рамки вршењето на својата дејност ги обработува, со цел обезбедување тајност, заштита и безбедност на истите. Обработката која ја врши СТАЦИОНАР ЛАНА Струмица е согласно Законот за заштита на личните податоци.

## 2. Обработка на лични податоци

„Личен податок“ е секоја информација која се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува(субјект на лични податоци), а физичко лице кое може да се идентификува е лице чиј идентитет може да се утврди директно или индиректно, посебно врз основа на идентификатор како што се име и презиме, матичен број на граѓанинот, податоци за локација, идентификатор преку интернет, или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, физиолошки, генетски, ментален, економски, културен или социјален идентитет на тоа физичко лице.

„Обработка на личните податоци“ е секоја операција или збир на операции кои се извршуваат врз личните податоци, или група на лични податоци, автоматски или на друг начин, како што се: собирање, евидентирање, организирање, структурирање, чување, приспособување или промена, повлекување, консултирање, увид, употреба, откривање преку пренесување, објавување или на друг начин правење достапни, усогласување или комбинирање, ограничување, бришење или уништување.

„Збирка на лични податоци“ е структурирана група лични податоци која е достапна согласно со специфични критериуми, без оглед дали е централизирана, децентрализирана или распространета на функционална или географска основа.

СТАЦИОНАР ЛАНА Струмица обработката на личните податоци ја врши на законит начин, во доволна мера и на транспарентен начин. СТАЦИОНАР ЛАНА Струмица при обработката на личните податоци ги применува начелата поврзани со обработката на личните податоци кои се утврдени во член 9 од Законот за заштита на личните податоци.

3. Законитост

Во СТАЦИОНАР ЛАНА Струмица се обработуваат следните збирки на лични податоци:

- Збирка на лични податоци за вработени лица;
- Збирка на лични податоци за лицата членови на органите на контролорот;
- Збирка на лични податоци за вдомувачи;
- Збирка на податоци за соработници;
- Збирка со податоци за трансакции;

**Збирка на лични податоци за вработени лица**– Оваа збирка ги содржи податоците за вработените, а во врска со работниот однос заснован во СТАЦИОНАР ЛАНА Струмица во согласност со прописите од областа на работните односи со цел остварување на правата, обврските и одговорностите кои произлегуваат од работниот однос и истата ги вклучува следните категории на лични податоци:

- *Име и презиме;*
- *Датум на раѓање;*
- *Место на раѓање;*
- *Општина на раѓање;*
- *Адреса на живеење или престојување;*
- *Општина на живеење;*
- *Држава;*
- *Националност;*
- *Единствен матичен број;*
- *Број на трансакциона сметки и банка депонент;*

- *Пол;*
- *Телефонски број и електронска адреса;*
- *Датум на засновање на работниот однос;*
- *Шифра и опис на работното место;*
- *Податоци за тековното вработување и за претходните вработувања, како и податоци за стаж на осигурување до стапувањето на работа;*
- *Податоци за образованието, стручните кфалификации и работните компетенции;*
- *Податоци за здравствена состојба;*
- *Податоци за висина на плата и надоместоци од плата;*
- *Податоци за привремена спреченост за работа поради болест, повреда или други причини;*
- *Податоци за прекувремена работа;*
- *Податоци за придонеси;*
- *Податоци за даноци од плата;*
- *Податоци за поведена дисциплинска постапка, материјална одговорност и поведена прекршочна или кривична постапка;*

**Збирка на лични податоци за лицата членови на органите на контролорот –** Оваа збирка ги содржи податоците за лицата членови на органите на контролорот СТАЦИОНАР ЛАНА Струмица, односно членовите на Управен одбор и Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење, како и податоците за Директорот, со цел остварување на правата, обврските и одговорностите и истата ги вклучува следните категории на лични податоци:

- *Име и презиме;*
- *Датум на раѓање;*
- *Место на раѓање;*
- *Општина на раѓање;*
- *Адреса на живеење или престојување;*
- *Општина на живеење;*
- *Држава;*
- *Националност;*
- *Единствен матичен број;*
- *Број на трансакциона сметки и банка депонент;*
- *Пол;*
- *Телефонски број и електронска адреса;*
- *Податоци за стаж на осигурување;*
- *Податоци за образованието, стручните кфалификации и работните компетенции;*
- *Податоци за висина на месечен надоместок;*
- *Податоци за поведена дисциплинска постапка, материјална одговорност и поведена прекршочна или кривична постапка;*

**Збирка на лични податоци за вдомувачи** – Оваазбирка ги содржи личните податоци за вдомувачите, кои своите податоци ги дале најчесто заради вдомување на кучиња кои престојуваат кај контролорот СТАЦИОНАР ЛАНА Струмица и истата ги вклучува следните категории на лични податоци

- *Име и презиме;*
- *Датум на раѓање;*
- *Место на раѓање;*
- *Општина на раѓање;*
- *Адреса на живеење или престојување;*
- *Општина на живеење;*
- *Држава;*
- *Националност;*
- *Единствен матичен број;*
- *Број на трансакциона сметка и банка депонент;*
- *Пол;*
- *Телефонски број;*

**Збирка на податоци за соработници** – Оваа збирка ги содржи податоците за соработниците со кои контролорот СТАЦИОНАР ЛАНА Струмица има соработка. Податоците од оваа збирка се собираат со потпишување на договори за соработка или електронска комуникација и истата ги вклучува следните категории на лични податоци за овластени лица/управители/менаџери и тоа:

- *Име и презиме;*
- *Датум на раѓање;*
- *Место на раѓање;*
- *Општина на раѓање;*
- *Адреса на живеење или престојување;*
- *Општина на живеење;*
- *Држава;*
- *Националност;*
- *Единствен матичен број;*
- *Пол;*
- *Телефонски број и електронска адреса;*
- *Број на трансакциона сметки и банка депонент;*

**Збирка со податоци за трансакции** – Оваа збирка ги содржи податоците податоците кои се генерираат при процесирање на трансакции и тоа тип на трансакција, идентификациски број на корисничкиот профил од кој се врши трансакцијата, вредност, цел на дознака, дата и сл.

4. Рокови за чување и бришење

Податоците кои ги собираме се чуваат во согласност со закон и периодот потребен за постигнување на целта на обработка.

- Материјали во врска со распишување и спроведување на конкурс-оглас(одлуки за распишување, пријава за потреба од работник и сл) – рок на чување 1 година;
- Досијеа на вработени :
    - ➢ пријави и одјави на вработени, договор/решение за врабоување, одлуки за засновање и престанок на работен однос – рок на чување 45 години;
    - ➢ за минат труд, годишен одмор, отсуства, боледување и слично – рок на чување 2 години;
    - ➢ Книги за евиденција, планови, програми и материјали за стручно образование, оспособување на работници и слично – рок на чување 10 години
    - ➢ Преписка во врска со остварување права од работен однос – рок на чување 1 година
- Финансиско и материјално работење – податоците кои се обработуваат се чуваат во законски предвидените рокови од 2,3,5 и 10 години во зависност од тоа за што се однесуваат и каде се евидентирани податоците, единствено исплатни листи за плати, картони за плати и пријави на податоци за утврдување на нето плати и стаж на осигурување се чуваат во рок од 45 години.
- Цеокупната документација од постапката за селекција на членови на органите на контролорот се чува најмалку 10 години.
- Податоците кои произлегуваат од вдомување, односно кои се однесуваат за сопствениците на вдомените кучиња се чуваат се додека не настапи смрт на вдоменото куче.
- Податоците базирани на доброволна согласност се чуваат се до повлекување на согласноста.

5. Безбедност на обработката на личните податоци

На сите документи СТАЦИОНАР ЛАНА Струмица задолжително се применуваат техничките и организациски мерки за обезбедување тајност, заштита и безбедност на обработката на личните податоци. Заради појасен пристап, изготвен е засебен документ во кој се опишани техничките и организациски мерки.

6. Одговорности

Вработените во СТАЦИОНАР ЛАНА Струмица во рамките на своите надлежности според принципот „потребно е да знае“ ја почитуваат и применуваат оваа политика, вклучувајќи ја и целокупната документација донесена врз основа на неа. Сите вработени се информирани, запознаени и истите се одговорни за почитување на политиките и процедурите кои се однесуваат за заштита на личните податоци.

Секој вработен во случај на било каков сомнеж, инцидент, дилема, поплака или проблем во врска со обработката на личните податоци должен е да го консултира и информира Офицерот за заштита на личните податоци.

Контролорот ја донесува целокупната документација за воспоставување на систем за заштита на личните податоци и е одговорен во однос на начинот на функционирање на целокупниот систем за заштита на личните податоци.

Офицерот за заштита на личните податоци е независен во однос на своето работење од останатите вработени и истиот согласно Законот за заштита на личните податоци е должен да ја следи усогласеноста со прописите за заштита на личните податоци и истиот соработува со Агенцијата за зашита на личните податоци и е контакт точка во однос на прашањата поврзани со обработката на личните податоци.

7. Пристап на трети лица

Заради обезбедување на заштита на личните податоци, како и заради ограничување на пристапот на трети лица, личните податоци се чуваат во сеф/ормар со клуч, а компјутерот е заштите со лозинка.

8. Ревизија на политиката

Политиката за воспоставување на систем за заштита на личните податоци, вклучително и сите акти донесени врз основа на истата се ревидираат еднаш на 2 години или по потреба согласно Законот за заштита на личните податоци.

Оваа политика за почнува да се применува од 01.01.2024 година

ЈПЗБК СТАЦИОНАР ЛАНА СТРУМИЦА

Сузана Стојкова

СТАЦИОНАР -ЛАНА- Струмица